РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2316/2
01-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2316/1 од 01.07.2026 година со наводи за неисплата на паричните средства на име надоместок за ангажирање на избирачко место бр. ----, с. ----, општина -----, за време на локалните избори одржани во 2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Државната изборна комисија на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2316/1 од 01.07.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 01.07.2026 година, поднесена е пријава од ------- со наводи за неисплата на паричните средства на име надоместок за нејзиното ангажирање на избирачко место бр. ----, с. -----,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија